**Прилог 1**

( Образец ПП……)

**До:** Општина Демир Хисар

**(имател на информацијата)**

# Б А Р А Њ Е
## ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

Од: ______________________________________________

(се наведуваат податоци за Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Застапник / полномошник на барателот на информацијата: ____________________

(се наведуваат податоци за можниот застапник/полномошник на Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер: Ценовник за утврдување на пазарна вредност на градежно и земјоделско земјиште и макролокации на зони во Општината

(опис на информацијата која се бара)

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

- а) увид
- б) препис
- в) фотокопија
- г) електронски запис
- д) друго ______________________

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:

- а) по пошта
- б) телефон
- в) факс
- г) е-маил
- д) друго ______________________

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Правна поука: Барателот не е должен да го образложи барањето, но е потребно да наведе дека се работи за Барање за слободен пристап до информација од јавен карактер.

**Потпис**

**Во __________, _____2025 година .** ______________________

(доколку барањето се поднесува во хартиена форма)

**Датум:** 19.03.2025

**ДО:** [redacted]

(барател на информацијата)

**ПРЕДМЕТ:** Доставување на одговор по барање информација согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер до имателот на информации Општина Демир Хисар

**ВРСКА:** 18-323/1 од 19.03.2025 година наш број

Почитувани,

Согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Сл. Весник на РСМ бр. 101/2019) во прилог Ви се доставува Решение по бараната информација.

Во прилог Ви се доставува и:

-Информација

Со почит,

Игор Дамјаноски,
Службено лице за посредување со информации од јавен карактер
на Општина Демир Хисар

---------------------------------------

Врз основа на член 20, став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/2019), постапувајќи по барањето информација од јавен карактер од барателот [redacted], имателот на информацијата Општина Демир Хисар го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**

Барањето од [redacted], по предметот барање за пристап до информации од јавен карактер во врска со пазарна вредност на земјиште во Општина Демир Хисар,се уважува.

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Врз основа на барањето информација од јавен карактер доставено од [redacted], по предметот барање за пристап до информации од јавен карактер, имателот на информацијата Општина Демир Хисар, ја доставува информацијата во врска со пазарна вредност на земјиште во Општина Демир Хисар.

Имено барателот доставил барање за информација од јавен карактер на 18.03.2025 година, заведено во архивата на Општина Демир Хисар на 19.03.2025 година под архивски број 18-323/1, која е во согласност со член 10 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/2019) и затоа е одлучено како во диспозитивот на ова решение.

Во прилог:

-Информација,

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на Решението.

Решено во Општина Демир Хисар на 19.03.2025 година, под бр. 18-323/2.

По овластување на Градоначалникот
на Општина Демир Хисар
Службено лице за посредување со
информации од јавен карактер

___________________________

Игор Дамјаноски, раководител на одделение
за управување со човечки ресури

**-ИНФОРМАЦИЈА-**

Во прилог Ви доставуваме материјал поврзан со барањето за слободен пристап до информации од јавен карактер, односно:

-Одлука за одредување на просечна цена за утврдување на пазарна вредност на градежно и земјоделско земјиште утврдена врз основа на извршените купопродажби во претходната година на подрачјето на Општина Демир Хисар по катастарски општини и

-Одлука за формирање на зони за утврдување на пазарната вредност на недвижен имот.

**По овластување на Градоначалникот на Општина Демир Хисар**
**Службено лице за посредување со информации од јавен карактер**
**Игор Дамјаноски,**
**раководител на одделение за управување со човечки ресурси**

**------------------------------------**